Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-1365/1 од 23.04.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на 14 извршители поведена по Јавен оглас број ---/2024 од 03.01.2025 година во Државниот --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој не утврдил неправилности.

Предметот со број 12-1365/1 од 23.04.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 23.04.2025 година, до ДКСК поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на 14 извршители, по Јавен оглас број ---/2024 од 03.01.2025 година во Државниот --------, врз основа на која е оформен предметот со број 12-1365/1 од 23.04.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека на јавниот оглас биле објавени 14 работни места за 14 извршители, од кои за 12 работни места во Скопје, 1 работно место за Велес и 1 работно место за Штип. Подносителот се пријавил за работно место под реден број 14 Помлад соработник за ---------, Регионално одделение за -------- во -----, во Државниот ---------.

По спроведените фази во постапката - административна селекција, полагање на тестови и спроведеното интервју била изготвена конечна ранг листа, каде прворангираниот кандидат за објавеното работно место под бр 14 за Штип бил истовремено и прворангиран за објавените работни места под реден број 3 и 13. Подносителот укажува дека врз основа на конечните ранг листи за сите објавени работни места се појавила ситуација, еден кандидат да биде избран како најдобар кандидат за вработување за повеќе работни места.

Заради провека на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државен управен инспекторат со барање да биде извршен инспекциски надзор.

По извршениот инспекциски надзор, од Државниот управен инспекторат до ДКСК доставен е Записник бр.ИП1 бр.--629 од 28.05.2025 година во кој е наведено следното:
По спроведените фази на постапката за вработување - административна селекција, полагање на тестови и спроведеното интервју, Директорот на Државниот ----- донел одлуки за избор на кандидати за вработување за сите работни места од огласот во согласност со Законот за административни службеници и дадениот Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас број ---/2024 од 14.036.2025 година од Комисијата за селекција. За сите работни места од огласот бил избран најдобро рангираниот кандидат, кој освоил најмногу бодови.
Имено, за работното место под број 14 Помлад соработник за -------, Регионално одделение за -------, посочено во пријавата, бил избран најдобро рангираниот кандидат, --------, додека подносителот на пријавата ------- бил рангиран на четврто место. По приемот на одлуката за избор, избраниот кандидат ------- поднела Изјава со број --/34 од 09.04.2025 година и Барање од 09.04.2025 година со кое побарала и изјавила дека прифаќа да биде вработена на друго работно место, а не работното место под реден број 14. По спроведените фази на постапката за вработување, таа била избрана за најдобар кандидат за три работни позиции. Вакви изјави за прифаќање на други работни места дале и другите двајца кандидати кои биле рангирани на повисоко место од подносителот.
Подносителот незадоволен од ваквата ситуација изјавил жалба против Одлуката за избор на кандидат во Агенцијата за администрација, во која побарал Агенцијата како второстепен орган да одлучи мериторно, односно тој како

четврто рангиран кандидат, да биде избран за извршител на тоа работно место, имајќи предвид дека претходно рангираните кандидати, прифатиле да бидат извршители за други работи места од огласот. Агенцијата донела Решение со кое неговата жалба била одбиена како неоснована.

Во Записникот, Инпекторатот констатира дека во предметната постапка била донесена одлука од првостепениот орган, Државниот --------, подносителот го има искористено правото на жалба до Агенцијата за администрација, која е надлежна за постапување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен и која донела решение по изјавената жалба на подносителот.

По извршениот надзор над предметната постапка, од Државниот управен инспекторат не биле утврдени неправилности. Воедно, Инспекторатот појаснува дека согласно одредбите од Законот за административни службеници, по спроведување на сите фази од постапката за вработување се избира кандидатот кој има најмногу освоени бодови, односно прворангираниот кандидат од Конечната ранг листа. Нема пропишана законска постапка во случај кога кандидатот за вработување е избран како најдобар кандидат за повеќе работни места и притоа тој прифатил да биде извршител на едно работно место, додека за останатите работни места каде бил прворангиран, да биде избран наредниот рангиран кандидат од Конечната ранг листа, како што било случај со подносителот.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган кој не утврдил неправилности, па оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК